Совет на Општина Делчево
Број 09-
30.08.2023 година
Делчево

ЗАПИСНИК
Од одржаната 26.седница
на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на 30.08.2023 година, во Мултифункционалниот центар, со почеток во 9:00 часот. На седницата присуствуваа 15 членови на Советот, како и скеретарот на Општината и образлагачите по точките од дневниот ред.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот на Општина Делчево, Гоце Попов, која за седницата го предложи следниот

**Дневен ред**

-Усвојување на Записник од 25. седница
на Советот на Општина Делчево

1. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2024 година;
2. Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица;

**Образлагач**: По точките 1 и 2-Билјана Прачкоска-Секретар на Општина Делчево.

3.Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година за периодот од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година со Заклучок за усвојување;
4. Предлог-Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година

**Образлагач**: По точките 3 и 4- Анка Христова-Раководител на Одделението за финансиски прашања.

5. Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на опоштина Делчево за 2023 година;

**Образлагач**: Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

6. Тримесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2023-31.03.2023 година;

**Образлагач:** Марија Сумрачка-одговорна за сметководство и финансиски книговодител.

7.Годишен план за вработување за 2024 година на ЈКП „Брегалница“-Делчево со Заклучок за усвојување;

Образлчагач: Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево/

8.Годишен план за вработување за 2024 година на ЈЛБ “Илинден“-Делчево со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево.

9.Измена на Годишен план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;
10. Годишен план за вработување на Св.Климент Охридски“-Делчево за 2024 година со Заклучок за усвојување;
11. Годишна Програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2023/2024 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач: По точките 9, 10 и 11-Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

12. Предлог-Одлука за одвојување на средства за финансиско учество на општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење;
**Образлагач:**Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај.
13. Годишен план за вработување на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2024 година со Заклучок за усвојување;
14.Годишен извештај на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2022/23 година со Заклучок за усвојување;
15.Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2024 година со Заклучок за усвојување;
Образлагач: По точките 13,14 и 15-Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.
16.Предлог-Одлука за давање согласност на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;
17. Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на групи со поголем број на деца;
18. Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;
**Образлагач**: По точките 16,17 и 18-Биљана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.
19. Годишен извештај на СОУ „Методи Митевски –Брицо“ Делчево со Заклучок за усвојување;
20. Годишна програма за работата на СОУ „Методи Митевски-Брицо“ за учебната 2023/2024 година со Заклучок за усвојување;
**Образлагач**: По точките 19 и 20 - Дијана Цонева-Директор на СОУ „М.М. Брицо“-Делчево.
21.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства по барање број 09-1319/1 од 26.06.2023;
22.Предлог-Одлука за финансиска поддршка за учество на светска олимпијада на геонауки;
**Образлагач: Г**оце Попов-Претседател на Советот.
23 .Прашања и предлози на членови на Совет;

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

За збор се јави Стефанија Атанасова Јовановски која рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ има повеќе предлози за дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа:

-Да се обезбеди бесплатен престој на децата во градинката во с.Разловци;

- Да се обезбедат бесплатни униформи за учениците од прво до петто одделение;

-Да се обезбеди бесплатен оброк на учениците до петто одделение и побара овие предлози да бидат ставени на гласање.

Претседателот на Советот рече дека овие предлози не може сега да се стават на гласање бидејќи истите прво треба да се достават до соодветните служби во општинската администрација и за секој од нив да се изготви соодветен правен акт (одлука или заклучок).

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по дневниот ред, беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Истиот беше усвоен со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 25.седница на Советот.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека на негово советничко прашање за тоа колку изнесува вкупниот долг на Општина Делчево заклучно со 30.06.2023 година, раководителот на Секторот за финансии му доставил одговор дека истиот изнесува 223.896.000 денари и дека во однос на истиот период лани има намалување од 20.000.000 денари. Според него тоа е симпатичен одговор од страна на раководителот на Секторот за финансии кој си доставува податоци и одговори кои нему лично му одговараат. Но, ако долгот на Општината ланската година бил 183.896.000 денари, а сега е 223.896.000, тоа значи дека долгот е зголемен, а не намален. Сакам да апелирам во иднина, да не се доставуваат такви несериозни одговори и податоци и да не се навредува нашата интелегенција како личности и нашиот интегритет како советници со ваквите одговори, рече Иван Гоцевски.

Зекир Абдулов рече дека се уште нема одговор на советнички прашања поставени пред повеќе седници.

Претседателот на Советот ги замоли советниците да диискутираат во врска со Записникот, дали имаат забелешки на истиот, а за прашања и предлози има посебна точка на дневен ред.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по записникот беше затворена, а Записникот беше ставен на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 25.седница.

**Прва точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2024 година;**

Образложение по оваа точка поднесе секретарот Биљана Прачкоска која рече дека денес на дневен ред е Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2024 година кој е доставен до советниците навреме и најверојатно сите сте го разгледале. Во него се дадени сите празни места кои се систематиирани со Правилникот за систематизација и кои може, но не мора да бидат пополенти. Исто така се дадени и најавените 2 пензионирања, како и унапредувањата кои се планираат во 2024 година. Таа истакна дека законски Советот е органот која треба да се произнесе по ГПВ за 2024 и да даде или да не даде согласност на истиот. На крајот рече дека нема потреба поединечно да ги образложува сите позиции и затоа ги повика советниците ако имаат конкретни прашања, да ги постават и таа ќе даде одговор.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека советничката група на СДСМ и коалицијата ќе го поддржи Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2024 година, но со некои измени.

Тој предложи во Табела 2, на страна 2, да се тргне позицијата 2-Раководител на Одделение за ЛЕР и во Табела 6, на страна 5, да се тргне позицијата 4-Советник за ЛЕР. Побара од претседателот на Советот да го стави неговиот предлог на гласање.

Оливера Ташевска праша зошто има толку чести измени на Правилникот за систематизација на работните места и работните задачи на Општина Делчево?

Секретарот рече дека Правилникот (Систематизацијата) има повеќе измени пред се поради усогласување со некои законски измени, како што е на пример Законот за пожарникарство и мора да се направат истите, друга причина е тоа што во општинската администрација има многу работни места на кои работат луѓе со несоодветно образование (затекната состојба-наследена). Општинската администрација е таква каква што е, факт е дека има еден дел од администрацијата кои не работат имајќи предвид дека не е во ред тие луѓе да останат без работа и имајќи предвид дека тие се заштитени со Законот за вработените во јавниот сектор, мора да се прават измени на Правилникот во делот на потребното образование за некои работни места. Согласно законот најдоцна до 31.08.2023 година, Годишниот план за вработување треба да биде донесен, рече таа.

Оливера Ташевска праша дали со овие поместувања кои се предвидени во овој план, унапредувања и слично, значи дека на ивните испразнети места ќе има нови вработувања?

Б. Прачкоска рече дека не мора да значи, а и да значи ново вработување, мора да се предвиди во планот и да има има согласност од Советот на Општината.

Тони Стаменовски рече дека нормално оти ќе има вработувања и тоа не само во ЕЛС Делчево, туку и во сите други локални институции бидејќи се ближат избори. Тој истакна дека со ова негово излагање по првата точка од дневниот ред всушност ќе се однесува и за 7, 8, 9, 10, 13, 16-та точка и плановите за партиски вработувања во јавните установи и ЈП. Во 1994 година и тогашниот попис на населението градот брои 17700 жители и вкупен број на вработени само во општинската администрација не повеќе од 30 луѓе .

Со последниот попис од 2021 година во градот живеат 9644 луѓе или статистички од 1994 па се до 2021 година половина од населението само во градот е иселено, селата одамна веќе се испразнети

Значи во практика, во сиве овие години единствено што трпи Општина Делчево е двојно зголемување на вработени во општината и за жал двојно намалување на населението т.е. иселени, што ваквата ситуација станува повеќе од апсурдна Со овие нови, исклучиво партиски вработувања, но не и компететни тоа е сигурно, наместо општината и јавното претпријатие Брегалница да се фокусираат кон решавања на клучните проблеми на жителите со изградба на улици, решавање на урбанистичките проблеми во населбите, општината дополнително го задолжува буџетот со околу 100 000 евра на годишно ниво, а знаејќи дека во моментов околу 65% од буџетот одат за плати на вработените. Тој рече дека наместо да се фокусираме на решавање на проблемите на жителите и средствата кои се издвојуваат за овие партиски вработувања да одат во вистинска насока, ние наредната година како што тргнало ќе мора повторно да ги зголемуваме комуналните услуги на грбот на граѓаните а кровот на административната зграда на ЈП Брегалница само што не е паднат, но тоа нели не е приоритет кога се во прашања партиските вработувања и се е дозволено кога е на грбот на другите. Со ваквите 30 годишни практики на партиски вработувања пред избори, не само во Општина Делчево, туку и во цела Македонија што се врши во моментов за жал ќе имаме зголемување на испишани ученици од училиштата и иселување, а до сега ниедна власт не излегува со било какво решение за да се спречи белата чума која ја има зафатено цела Македонија
На крајот од неговото излагање, тој рече дека ги уверува дека доаѓа денот кога на ова расипничко трошење на парите на граѓаните ќе се стави крај, еднаш за секогаш.

Иван Гоцевски рече дека секретарот во нејзиното излагање рекла дека: „не значи дека тие вработувања ќе се реализираат“, што во пракса значи сосема спротивно, односно дека ќе се реализираат. За илустрација тој рече дека во 2009 година во Општина Делчево имало 30 вработени, 2014- 34, во 2017-41, а денес во 2023 година 72 вработени на кои ако им се додадат и планираните нови вработувања вкупно 84 што е повеќе од дупло. Овој факт не значи ништо друго туку дека СДСМ врши груба партизација на општинската администрација, се вработуваат партиски кадри, некомпетентни луѓе без никаква потреба. Од одлуката за пренамена се гледа дека недостасуваат средства за привремени вработувања, а најверојатно и со ребалансот ќе треба да се предвидат и нови средства за привремени вработувања. Според него и советничката група сите тие 12 нови вработувања и унапредувањата треба да бидат тргнати од овој Годишен план бидејќи и така е пренатрупана општинската администрација. Со овој план кој предвидува и унапредувања и нови вработувања јасно е дека СДСМ се спрема за избори, рече Иван Гоцевски и додаде дека тие како советничка група ќе гласаат **против** овој план.

Кирил Тренчевски имаше реплика на излагањето на Иван Гоцевски и рече дека СДСМ не вработува само партиски кадри туку вработува од сите партии, пример за тоа е во образованието.

Билјана Прачкоска рече дека сите јавни огласи се отворени за сите заинтересирани кои ги исполнуваат условите, секој може да аплицира доколку ги исполнува условите. Вие како советници можете да го информирате било кој кога има распишано оглас за да аплицира ако ги исполнува условите, рече таа.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор расправата беше затворена.

На гласање беше ставен предлогот на советникот Кирил Тренчевски и тоа: „Во Табела 2, на страна 2, да се тргне позицијата 2-Раководител на Одделение за ЛЕР и во Табела 6, на страна 5, да се тргне позицијата 4-Советник за ЛЕР“.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина го прифати/усвои предлогот за измена на ГПВ на Општина Делчево за 2024 година.

На гласање беше ставена Одлуката за давање согласност на ГПВ на Општина Делчево за 2024 година, со измената која беше изгласана претходно.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на ГПВ на Општина Делчево за 2024 година.

**Втора точка-Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица;**

Образлагач и по оваа точка беше Билјана Прачкоска-Секретар на Општина Делчево која рече дека Градоначалникот на Општина Македонска Каменица има доставено барање бр.09-1099/3 од 05.07.2023 година со ое бара воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица, за вршење на работи и работни задачи во Одделението за инспекциски надзор-инспекторат Овластен градежен инспектор.За регулирање на меѓусебните права и обврски на Општина Делчево и Општина Македонска Каменица ќе биде склучен Договор за меѓуопштинска соработка, согласно одредбите од член 29 на Законот за меѓуопштинска соработка, кој ќе биде потпишан од страна на градоначалниците на двете општини.По склучувањето на Договорот од член 2 на оваа одлука, Овластениот градежен инспектор од Општина Делчево ќе извршува работни обврски и во Општина Македонска Каменица, по барање на Општина Македонска Каменица.Таа рече дека таква соработка веќе има воспоставено и со Општина Пехчево во делот на внатрешната ревизија и добро е да има соработка помеѓу општините.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица.

**Трета точка-Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година за периодот од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точката беше Анка Христова-Раководител на Одделението за финансиски прашања копја рече дека извршувањето на буџетот на општина Делчево за вториот квартал 2023 година, изнесува 48,54% односно од вкупно планираните приходи во износ од 318.298.293 ден. за вториот квартал се реализирани 154.512.140 денари.

Од нив, во основниот буџет, од планирани 102.094.000 реализирани се 50.212.563 ден. или 49%.

Во буџетот на дотации од планирани 199.375.580 приходи реализирани се 96.998.502 или 48,6%, во буџетот на донации од планирани 4.038.713 реализирани се 3.521.690 ден. или 87% и во буџетот на самофинансирачки активности од планирани12.790.000 реализирани се 3.779.385 денари или 29,5%.

- процентот на наплата на даночните приходи е 53,4%, најголема наплата е наплатата од даноци на специфични услуги и тоа во износ од 18.421.743ден. (а тоа се сите видови на комунална такса, комунална такса за истакната фирма,372.000 ден., ком.такса за одржување на јавното осветлување во износ од 8.518.654 ден., комун.такса за користење на улици со патнички и товарни моторни возила што се плаќа при регистрација околу 616.167 денари, за надоместок за уредување на град.неизгр. земјиште во износ од 8.880.650 и др.помали износи на комунални такси).

Капиталните приходи се наплатени во износ од 2.328.145 ден. од вкупно планирани 6.900.000 ден.или 33,7% а тоа се приходите од продажба на земјиште во износ од 765.816, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини 298.037 ден., надомест за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект-легализација во износ од 130.267 ден.,приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата во износ од 1.132.446 денари.

Трансферите од други нивоа на власт се реализирани во износ од 21.646.140 ден. од вкупно планираните 45.366.000 или 47,7%.

Вкупните расходи се планирани во износ од 318.298.293 ден. Од нив се реализирани 145.356.339 ден. или 45,6%.

На групата 40 реализирани се 16.183.528 ден. од вкупно планирани 35.130.000 ден. во нив влегуваат платите, придонесите од плати и други надоместоци.

На групата 41 тековни резерви реализирани се 100.000 денари.

На групата 42 реализирани се 9.112.393 ден. од вкупно планирани 19.908.700.

На група 45 планирани се 80.000 денари а реализирани 64.058, камата за кредити.

На група 46 планирани се 2.690.000 од кои се реализирани 828.646 ден.( до здруженија на граѓани 40.000 ден. и до сп.клубови 150.750 денари, стипендии за ученици и студенти, 206.000 плаќање по судски решенија 405.896 и разни трансфери 26.000 денари.).

На група 47 планирани од планирани 880.000 ден. реализирани се 544.661 ден.( новороденчиња 73.000 и 471.661 ден. еднократна парична помош).И на крајот во група 48 влегуваат капиталните расходи кои се реализирани во износ од 17.956.193 ден. од планираните 38.327.000 и најголем дел од нив се исплатени за изградба на други објекти односно за изградба на градскиот пазар во износ од 11.300.000 ден. и изградба на улици и патишта во износ од 4.212.946 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска која праша зошто во Програмата ЈГ Изградба на системи за водоснабдување во овој квартал нема реализација, односно реализацијата е нула? Дали тоа значи дека немало икакви активности, а сите знаеме еве и денес дека нема вода и во градот и во селата, рече таа.

Анка Христова рече дека на таа програма се планирани 7.420.000 денари, во овој период немало плаќање, односно не биле доставени фактури до Општина Делчево од страна на изведувачот на работите. Бидејќи нема фактури, нема и плаќање и затоа реализацијата е нула, т.е. нема реализација. До крајот на годината сигурно ќе има и ќе се види таа реализација.

Иван Гоцевски рече дека немањето инвестиции во првите 6 месеци од годината доведуваат до тоа да градот и селата многу често немаат вода за пиење и во потполност се согласусува со дискусијата на Оливера Ташевска.

Сашко Ивановски рече дека од планираните 1.290.000 денари за трансфери до НВО се реализирани само 190.750 и констарираше дека тоа е многу малку, односно 1/6 од планираните буџетски средства. Тој праша до кои НВО и до кои спортски клубови се исплатени тие средства?

Анка Христова рече дека таа во своето образложение го кажала тоа во образложеението, до здруженија на граѓани се исплатени 40.000 ден. и до сп.клубови 150.750 денари. Точно до кои спортски клубови сега немам податоци, може дополнително да Ви доставам, рече таа.

Претседателот на Советот рече дека тој имал поставено такво прашање и добил одговор и истиот ќе го достави со советникот Сашко Ивановски.

Иван Гоцевски рече дека тоја нема прашања до образлагачот, има само констатации. Тој истакна дека ако се анализираат тековно оперативните расходи кои се ненаменски/непродуктивни трошоци и вкупните капитални расходи кои се продуктивни трошоци и нивниот процент на реализација за вториот квартал, може да се види дека двојно поголеми суми се реализирани за плати и надоместоци и привремени вработувања наспроти капитални расходи (само 17.956.193) Заклучокот е дека наместо да се инвестира во капитални проекти кои се во интерес на сите граѓани, парите се трошат за плати и придонеси и за партиски вработувања. На ставката за привремени вработувања процентот на реализација за вториот квартал е 80% што значи дека до крајот на годината нема да бидат доволни и ќе мора да се предвидат дополнителни средства со ребалансот за непотребни партиски вработувања. Се надевам дека Советот нема да дозволи дополнителни средства за партиските вработувања, рече Иван Гоцевски и додаде дека процентот на реализација е исто така помал од 50% во Програма Г1 локален економски развој, што е уште еден доказ дека не се инвестира во развојот на општината и затоа тој и советничката група ќе гласаат против овој извештај.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година за периодот од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;**

Образлагач и по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделението за финансиски прашања која рече дека оваа одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година или популарно пренамена се однесува пред се на средствата за камата за кредитот за детската градинка, потоа за привремени вработувања. Овие 517.000 денари кои биле планирани за камата за кредитот, можеби нема да стигнат и затоа се предлага оваа пренамена.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека оваа одлука е доказ за нивните претходни дискусии и анализи во врска со таксата за јавно осветлување дека средствата кои се прибирааат по тој основ не се трошат наменски туку ненаменски и тоа за партиски вработувања и за камати за кредити. Заклучоко е дека лошо се менаџира со средствата за јавно осветлување, рече тој.

Оливера Ташевска праша зошто Делчево е во „мрак“ а средствата од комуналната такса за јавно осветлување се пренаменуваат заприврмени вработувања?

Анка Христова рече дека трошокот за каматата на кредитот не може точно да се предвиди, а кога се прави пренамена се пренаменуваат средства од таа ставка каде има вишок на средства, на онаа каде има недостаток на средства.

Иван Гоцевски рече дека во месец август се бара пренамена на средства и тоа од ставката за јавно осветлување. Таа услуга која граѓаните реално не ја добиваат беше покачена, а граѓаните не добиват квалитетна услуга, односно нема јавно осветлување. Нелогично е тие средства да се трошат за партиски вработувања. Еве наш предлог е овие средства од јавното осветлување и средствата од ставката 420-патни и дневни, да се пренаменат за нашите предлози за дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа:

-Да се обезбеди бесплатен престој на децата во градинката во с.Разловци;

- Да се обезбедат бесплатни униформи за учениците од прво до петто одделение;

-Да се обезбеди бесплатен оброк на учениците до петто одделение

Кирил Тренчевски рече дека претходните дискусии се чист популизам за ситни политички поени на ВМРО ДПМНЕ, каматата за кредитот е нешто кое не зависи ниту од Градоначалникот, ниту од администрацијата ниту од раководителот на Секторот за финансии.

Марио Скакарски рече дека пренамена на средства може да се прави најмногу до 20% од основниот буџет.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворења и истата ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе **Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година**

**Петта точка-Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на опоштина Делчево за 2023 година;**

Образлагач по оваа точка беше Звонко Атанасов бидејќи Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност, беше отсутен.

Тој рече дека на претходната седница на Советот било донесено измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2023 година, која се однесува на Глава В ( Останато ), односно се додава нова подточката 9.1 која гласи:„ Детален урбанистички план за УЕ 3 дел од Блок 3,6 со следниве граници“. Највројатно е направена техничка грешка или пропуст бидејќи подточката треба да гласи;

***„Измена и дополна на Детален урбанистички план за УЕ 3 дел од Блок 3,6 со следниве граници“.***

Исто така во периодот меѓу двете седници на Советот е доставена нова иницијатива за урбанизација од страна на приватен инвеститор и истата се однесува на Глава Б.

Имено Во глава Б (Урбанистички проекти) во точка 7 (Донесување-одобрување на урбанистички проекти), согласно член 58 и член 63 од Законот за урбанистичко планирање, после подточката 7.27 се додава нова подточка, 7.28 која гласи:

*Подточка 7.28„урбанистички проект во опфат на урбанистички план со намена А4-3 Викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП бр.1207 КО Ѕвегор-Општина Делчево“.*

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Тони Стоименовски кој побара подетално образложение во врска со подточката во Глава В, а Сашко Ивановски реагираше и праша зошто нема графички прилози, односно скици кога се разгледуваат вакви точки за да можат советниците да имаат увид на кој опфат се однесува тоа.

Иван Гоцевски побара од претседателот пауза за да бидат доставени графички прилози/скици.

Претседателот на Советот го прифати предлогот за пауза и побара од раководителот на Секторот за урбанизам да се изготват графичките прилози и да бидат доставени на увид на советниците.

По паузата седницата продолжи, графичките прилози беа обезбедени, а од страна на раководителот на Секторот за урбанизам беше објаснето за кој опфат се работи.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на опоштина Делчево за 2023 година.

**Шеста точка-Тримесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2023-31.03.2023 година;**

Образлагач по оваа точка беше Марија Сумрачка-одговорна за сметководство и финансиски книговодител која истакна дека овој извештај е периодичен и се однесува на првиот квартал од работењето на ентитетот. Споредбената анализа на приходната и расходната страна на ЈКП за првите 3 месеци од годината покажува дека ЈКП остварило позитивен финансиски резултат од 286.494 денари. Тоа се должи пред се на зголемување на приходите од вода за пиење од 3.903.399 на 4.757.159 (а тоа пак се должи на покачувањето на цената на водата), потоа на зголемување на приходите од гробна такса од 270.880 денари на 459.750 (и цената на таа услуга е покачена). Ако се погледне расходната страна може да се види дека има намалување на ставката 400-потрошени материјали и суровини во однос на истиот период лани. Ланската година расходите на таа ставка биле 408.469, а овој квартал се 139.752 денари. Пораст на расходната ставка има на 420 за електрична енергија, ланската година била 770.769, а оваа година 976.573 денари. Има зголемување и кај ставката за плати и надоместоци и тоа се должи на зголемувањето на минималната плата. Амортизацијата на постојаните средства е пресметана во согласност со сметководствената политика на друштвото која се признава и вреднува со примена на праволиниска метода со примена на годишни амортизациони стапки и тоа за згради 2,5%, за моторни возила 25%, компјутери 25%, мебел и опрема 10-25%. Акумулираната амортизација на градежни објекти е 509.197, на опрема 252.179, на патнички возила 658.276 или вкупно 1.419.652 денари. Во извештајот е даден и процентот на наплата заклучно со 27.04.2023 година и за правни лица изнесува 73%, а за физички лица 74% (вода), од градскиот пазар 66%. Од резимето може да се видужи дека вкупно ненаплатени средства се 2.860.456 денари. На крајот на извештајот се дадени обврските на ентитетот, како и паричните и тековните еквиваленти дадени во табеларен приказ. Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Оливера Ташевска која праша зошто во с. Разловци подолго време веќе нема вода?

Марија Сумрачка рече дека е некоректно таа да се стави во улога на раководител и да дава одговор на ова прашање.

Реагираше и претседателот на Советот и рече дека ова прашање не е во врска со точката на дневен ред и ја замоли советничката да дискутира или да постави прашање во врска со извештајот.

Стефанија Атанасова Јовановски праша на што се должи разликата на ставката 21-приходи од одржување на јавна чистота, ланската година биле 484.440, а оваа 503.900?

Марија Сумрачка рече дека разликата се должи на доцнењето на фактурите од Општина Делчево кон ЈКП „Брегалница".

Тони Стаменковски праша за ставката 444-репрезентации, зошто е речиси двојно поголема од истиот период ланската година, што спаѓа во таа ставка?

Марија Сумрачка рече дека во таа ставка се книжат повеќе трошоци (судски трошоци, административни такси, весници, списанија, провизии и сл.).

Сашко Ивановски рече ако се направи анализа на таа ставка излегува дека дневно се трошеле по 15 евра дневно за репрезентација.

Иван Гоцевски побара писмен одговор на неколку прашања и тоа:

1. Колку средства од гробна такса се акумулирани во 1 квартал 2023?

2. Колку средства такса за одржување на паркови и зеленило се акумулирани во 1 квартал 2023?

3. Колку средства од вода и одведување на отпадни води се акумулирани во 1 квартал 2023?

4.Дали од довие дополнителни приходи ќе се покрие зголемувањето на бруто личниот доход и на што се должи зголемувањето на трошоците за материјали и суровини?

Марија Сумрачка рече дека во извештајот има табеларен приказ со компаративни податоци во однос на ланската година, од гробна такса се акумулирани во 1 квартал 2023 се акумулирани 188.870 денари повеќе, за одржување на паркови и зеленило се акумулирани во 1 квартал 2023 се акумулирани 302.360, од вода се акумулорани 853.760 денари и од одведување на отпадни води се акумулирани 452.875 денари. Во врска со зголемувањето на трошоците за материјали и суровини, таа рече дека не се зголемени туку се намалени.

Иван Гоцевски рече дека ако се соберат сите тие суми каде има зголемување на приходите тоа е некаде околу 2 милиона денари, а ЈКП прикажува добивка до само 286.494 денари, нешто е сомнително, рече тој.

Марија Сумрачка рече дека таа истакнала во образложението дека се зголемени приходите, но исто така се зголемени и расходите на претпријатието што се гледа и од табеларниот приказ. Приходите се зголемени за 1.757.824, а расходите за 1.125.376 денари.

Дејан Георгиевски праша каков бил финансискиот резултат на ЈКП заклучно со 31.12.2022 година?

Марија Сумрачка истакна дека на 31.12.2022 година ЈКП „Брегалница" имала негативен финансиски резултат.

Претседателот на Советот рече дека претходно ЈКП работело со финансиска загуба, односно негативен финансиски резултат, а сега има добивка, што значи загубата е покриена и ЈКП првиот квартал од оваа година покажало позитивен финансиски резултат и нема потреба од сомнеж, да не се генерализираат работите, рече тој и ги замоли совтениците да дискутираат по точката.

Кирил Тренчевски рече дека во самиот извештај има и споредбени податоци и не треба да се поставуваат прашања кога таму е наведено се, исто така образлагачот дала детално образложение.

Иван Гоцевски рече дека тој знае што има во извештајот, ама прашањата ги поставува јавно заради граѓаните. Сомнеж се јавува затоа што многу граѓани кажуваат дека за некои услуги на ЈКП не добиваат никаков документ за плаќање, услугата се врши, се плаќа на лице место, а

нема никаков дикумент и имаме право да се сомневаме дека готовина пари завршуваат во нечиј џеб.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на **Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2023-31.03.2023 година.**

**Седма точка-Годишен план за вработување за 2024 година на ЈКП „Брегалница“-Делчево со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Дарко Гоцевски бидејќи директорот Стојче Стојковски беше отсутен. Тој истакна дека законска обврска на сите локални институции е да ги достават своите годишни планови за согласност најдоцна до 31.08.2023 година. Во планот се ставени сите испразнети работни места во ЈКП по разни основи. Повелете ако имате прашања, рече тој.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишен план за вработување за 2024 година на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

**Осма точка-Годишен план за вработување за 2024 година на ЈЛБ “Илинден“-Делчево со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево која рече дека пред да го образложи овој план се извинува за ненамерната техничка грешка, имено во насловот на Годишниот план, место за 2024 година, стои 2021.

Таа рече дека моментално вработени во библиотеката се 9, планирани нови вработувања во 2024 се 3, или вкупно 12. Во 2024 година не се планира унапредување, нема најавени пензионирања, нема планирано испразнување преку трансфер листа. На крајот на планот е балансерот. Ако имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека советничката група на СДСМ ќе го поддржи овој ГПВ со следната измена:

Во дел III, Табела 6 планирани нови вработувања, да се тргнат позициите 2 и 3, виш соработник за човечки ресурси и домаќин. Тој побара од претседателот неговиот предлог да биде ставен на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, предлогот беше усвоен

На гласање беше ставен и Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈЛБ “Илинден“-Делчево со претходно усвоениот предлог за измена.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈЛБ “Илинден“-Делчево.

**Деветта точка-Измена на Годишен план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;**

Оваа точка ја образложи Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево кој рече дека до Советот на Општина Делчево е доставено барање за измена на ГПВ за 2023 година заради најавено пензионирање на една наставничка и додавање на 1 работно место хигиеничар и 2 чувари, од кои 1 во с.Тработивиште. Ако има прашања, повелете, рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Тони Стаменковски кој го праша директорот колку деца/ученици има во с. Тработивиште и колку наставници бидејќи се планира вработување во с.Тработивиште?

Директорот рече дека има 33 деца од прво до петто, има 5 наставника, но часови држат и други предметни наставници кои се менуваат.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Измена на  Годишен план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2023 година.

**Десетта точка-Годишен план за вработување на Св.Климент Охридски“-Делчево за 2024 година со Заклучок за усвојување;**

И оваа  точка ја образложи Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево кој рече дека во законскиот рок до 31.08.2023 година е доставен Годишен план за вработување на „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2024 година со барање за согласност од Советот/основачот.  И во овој план повторно се ставени 2 чувари, ако добеием согласност за средства од МОН, ќе се реализираат.Планот го имате добиено, ќе ве молам во интерес на времето ако имате прашања, рече директорот.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишен план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2024 година.

**Единаесетта точка-Годишна Програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2023/2024 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево кој рече дека оваа Програма се доставува секоја година, истата се изработува по пропишан образец од МОН, доставена е еден примерок до претседателот, а скратена верзија до сите членови на Совет. Имајќи ја предвид обемноста на овој документ, тој рече дека ќе одговори на прашањата на советниците доколку ги има.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Оливера Ташевска која праша дали со Годишната програма на училиштето се планира некаква активност, дали има изготвено некаков проект за  ПУ во с. Разловци?

Директорот рече дека училиштето има изготвено проект за санација на кровот во ПУ во с.Разловци, истиот е аплициран, дали ќе биде одобрен се уште нема информација, се дадева дека ќе се реновира некој дел од ПУ.

Иван Гоцевски рече дека неодамна БРО на својата интернет страница објавило насоки за рализација на наставата од прво до шесто одделение по новиот скандалозен концепт. Тој рече дека претпоставува оти директорот знае дека овие насоки од Бирото за развој на образованието се судираат и косат со важечките законски прописи. Минималниот пропишан фонд на часови согласно законот е 20 часа, а со овие насоки минималниот пропишан фонд на часови кај модуларните предмети е 15-16, а најголем дел од училиштата и немаат соодветен кадар. Тој исто така го праша директорот за учебниците, дали на 1 септември ќе има учебници бидејќи министерот изјавил дека еден дел од учебниците само што ја поминале рецензентската комисија, а дел се уште не ја поминале. Тој рече дека загрижувачки е тоа што Министерството за образование и наука молчи, никако не се произнесува, до училиштата нема никаков официјален документ, а БРО упатува насоки спротивни на законот? На крајот го праша директорот како планира да постапи во врска со новата Концепција за образование која се турка на мала врата?

Директорот рече дека наставниот кадар бил на обука минатата година и во јуни и август оваа година. Овие насоки се донесени на 28.08.2023 година. Новата Концепција е донесена ланската година и тие како основно училиште работиме по неа. Што се однесува до неполниот фонд на часови тој рече дека се соочува со тој проблем и во паралелките од 1 до 5 одделение, и тие наставници немаат полн фонд часови, се надополнува со часови од изборми предмети, но и тие наставници земаат цела плата. За модуларните предмети има наставен кадар, а доколку дојде ситуација да нема, ќе се бара со итни и неодложни работи, најголем проблем претставува наставник по техничко образование бидејќи има 2 наставника кои имаат 2 години до

пензионирање.Во врска со учебниците или недостатокот на учебници, директорот рече дека за некои одделенија учебниците се пристигнати, за некои не, но проблемот не е нов, одамна е тој проблем со недостаток на учебници, ама секогаш сме се снаоѓале, рече тој.

Тони Стаменковски праша дали има и колку ученици се испишале од училиштето?

Директорот рече дека 2 ученици се испишале од кај нив и се запишале во ООУ „В.Прке“ што е добро, барем не се сво странство.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2023/2024 година.

Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за одвојување на средства за финансиско учество на општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење;

Образлагач по оваа точка беше Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај кој истакна дека оваа одлука се однесува на проектот „Изработка на техничка документација за унапрдување и промоција на конкурентските предности на Источниот плански регион“(Изработка на техничка документација за реконструкција на постоечка и изградба на нова водоводна мрежа на туристички локалитет ГОЛАК во Општина Делчево“). Проектот е поднесен до Министерството за локална самоуправа на Р.С. Македонија, Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година. Вкупниот буџет на проектот е 1.274.400.00 денари со вклучен ДДВ од кои 1.100.742,00 денари ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година. Општина Делчево, како партнер ќе обезбеди 173.658,00 денари од Буџетот на Општина Делчево за 2023 година.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека овој проект е различен од оној што бил најавуван во изборната кампања на градоначалникот и праша за што конкретно станува збор?

Звонко Атанасов рече проектот за кој зборува советникот се однесува на идејата водата на Голак да се обезбедува од брана Лошана која се наоѓа на надморска висина од 782 до 824, а Голак на 1400 метри. За да се обезбеди вода на Голак мора да има минумум 3-4 препумпувања на водата со споредни цевки и пумпа, потоа нова електрична мрежа и нова пречистителна станица што многу го оскапува проектот. Со овој проект Изработка на техничка документација за реконструкција на постоечка и изградба на нова водоводна мрежа на туристички локалитет ГОЛАК во Општина Делчево“), се опфатени сите каптажи за период од 30 години. Со него се обезбедува ефтина и чиста вода со само 1 пумпа, доколку се надополни со 1 цевковод и резервоари како што е урбанистичкото решение, ќе биде добро за постојните објекти (викендички). Проектот за вода на Голак од Лошана не е исклучен како опција и е можен во догледно време, во иднина.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одвојување на средства за финансиско учество на општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење.

Тринаесетта точка-Годишен план за вработување на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2024 година со Заклучок за усвојување;

Точката ја образложи Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево кој рече дека овој ГПВ се доставува до Советот како основач согласно член 20-б од Законот за вработени во јавниот сектор, со него се предвидува едно испразнување поради стекнување право на инвалидска пензија. Планирани се и две нови вработувања-помошно-технички персонал, на работно место хигиеничар, на крајот е балансерот.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", 6 „ВОЗДРЖАНИ" и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево донесе ЗАклучок за усвојување на Годишен план за вработување на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за 2024.

**Четиринаесетта точка-Годишен извештај на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за 2022/23 година со Заклучок за усвојување;**

Точката ја образложи Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево кој рече дека овој извештај е нормативен акт предвиден со Законот за основно образование и неговото изготвување ќе у користи на училиштето во неговата понатамошна работа. Извештајот ги содржи сите потребни информации за оценка на работата на училиштето и остварувањето на годишната програма. Тој содржи основни информации, број на ученици вкупно 488, подобрување на услови за работа, планирање и реализирање на часови по задолжителни и изборни предмети, податоци да дополнителна и додатна настава, успехот на учениците 4,34, споредбени податоци за успехот за последните 4 години,податоци за успехот по предмети, по пол, по одделенија. Во извештајот се содржани вонннаставните активности, слободните ученички активности, како ис ите други извештаи односно прилози кои се составен дел на Извшетајот. Има податоци за учество на натпревари и освоени награди и места на учениците, како и информации за реализирани проекти и тековни проекти. Доколку имате прашања, повелете, рече директорот.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", 6 „ВОЗДРЖАНИ" и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишен извештај на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за 2022/23.

**Петнаесетта точка-Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за 2024 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево кој рече дека Годишната програма е краткорочен развоен документ изработен врз основа на согледаните недостатоци од спроведената самоевалуација во учебната 2021/2023 и приоритетите преедвидени со 4-годишната Програма на училиштето. И таа, како и исвештајот содржи основни информации, органи на управување, податоци за условите за работа, операм, средства,, податоци за наставниците, за раководните лица,, за вработените административни и помошно-технички лица, податоци за основното и подрачните училишта и сите потребни прилози. Бидејќи документот е обемен, во интерес на времето, ако имате прашања, повелете, рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", 6 „ВОЗДРЖАНИ" и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишната програма извештај на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за 2024 година.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;**

Точката ја образложи Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево која истакна дека секој 1 вработен во својата работна кариера има право на напредување и унапредување. Имено, со овој Правилник за измена дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево, се планира 1 унапредување од помлад во виш соработник за работното место секретар. Исто така има и други измени кои се дадени во материјалите. Таа информираше дека овој Правилник има добиено согласност од МИОА, се чека согласноста и од Советот за да може да се реализира она што со него е предвидено.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Оливера Ташевска која праша дали ќе се пополни испразнетото место по унапредувањето?

Билјана Симовска рече дека ако се добие согласност за финансиски средства, ќе се реализира новото вработување.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Одлука за давање согласност на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

**Седумнаесетта точка-Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на групи со поголем број на деца;**

Точката ја образложи Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево јоја рече дека детската градинка има поднесено барање до Советот за давање согласност за формирање на групи со поголем број на деца. На листата на чекање има 120 деца и и затоа согласно член 64 од Законот за заштита на децата, бара согласност од Советот како основач.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, 2 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Одлука за давање согласност за формирање на групи со поголем број на деца.

**Осумнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.Таа истакна дека и оваа година со оваа одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево и тоа:

За објект бр.1 , кој се наоѓа на ул. „Методи Митевски Брицо“ бр.36 во кој се остварува Програма за целодневен престој на деца, се утврдува работното време од 05:00 до 18:00 часот, при што прием и згрижување на деца ќе се врши од 6:00 до 16:30 часот.

За објект бр.2 , кој се наоѓа на ул. „Светозар Марковиќ“ бр.12 во кој се остварува Програма за целодневен престој на деца, се утврдува работното време од 05:00 до 18:00 часот, часот, при што прием и згрижување на деца ќе се врши од 6:00 до 16:30 часот.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево донесе Одлука за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

**Деветнаесетта точка-Годишен извештај на СОУ „Методи Митевски –Брицо“ Делчево со Заклучок за усвојување;**

Оваа точка беше образложена од страна на Роза Стаменковска, помошник-директор на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево која рече дека Годишниот извештај е еден документ кој ја отсликува целокупната работа на училиштето и реализацијата на Годишната програма за работа за претходната година. Во интерес на времето, таа ги истакна успехот на учениците 4,34 во гимназиско образование и 3,77 во стручно образование. Со задоволство истакна дека сите ученици ја положиле државната матура , а просечната оценка за државната матура била 4,12. Таа исто така ги запозна советниците и со учеството на учениците на натпревари и нивните успеси, соработката со други училишта од земјата, како и соработката во локалната заедница и пошироко.

Претседателот отвори расправа по оваа точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишниот извештај на СОУ „Методи Митевски –Брицо“-Делчево.

**Дваесетта точка-Годишна програма за работата на СОУ „Методи Митевски-Брицо“ за учебната 2023/2024 година со Заклучок за усвојување;**

И оваа точка беше образложена од страна на помошник-директорката Роза Стаменковска која рече дека и оваа година училиштето ќе работи во една смена, вкупниот број на ученици се 360 распоредени во 23 паралелки во гимназиско и стручно образование, нема отпишани ученици од ланската година. Направена е анкета на учениците од деветто одделение во двете основни училишта за да се види какви се и во која насока се движат нивните размислувања во врска со отварањето на нова струка во гимназијата. Во продолжение, таа истакна дека училиштето има одлична соработка со раководните, управните и стручните тела и органи на училиштето. Беа истакнати и приоритетните проекти на училиштето и намерата на менаџерскиот тим и професорите за намалување на бројката на изостаноци на учениците, која оваа учебна година навистина е голема. Таа истакна дека од оваа учебна година има и една новина, а тоа е пролетниот распуст/одмор од 29.04. до 06.05.2024 година, со то што ќе се продолжи учебната година до 17.06.2024 година.

Претседателот отвори расправа по оваа точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишната програма за работата на СОУ „Методи Митевски –Брицо“-Делчево за учебната 23/24 година .

**Дваесет и прва точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства по барање број 09-1319/1 од 26.06.2023;**

Во врска со оваа точка претседателот на Советот рече до Советот е доставено барање од наш сограѓанин кој има потреба од финансиски средства за обновување на лични документи. Истиот е невработен живее сам и е во лоша сфинансиска состојба. Беше предложена сума од 5.000 денари, која беше прифатена од страна на советниците.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, истата беше донесена.

**Дваесет и втора точка-Предлог-Одлука за финансиска поддршка за учество на светска олимпијада на геонауки;**

Во врска со оваа точка претседателот истакна дека се однесува за поддршка на 1 ученичка од СОУ „М.М.Брицо“ која треба да учествува на Светска олимпијада и истите ќе бидат наменети за котизација за учество на Светската олимпијада по геонауки IESO 2023.

За таа цел беше предложена и прифатена сума од 20.050 денари.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево истата беше донесена.

Дваесет и трета точка-прашања и предлози на членови на Совет

<u>Оливера Ташевска, до градоначалникот</u>

1.Зошто се направи покачување на таксата за уличмо осветлувања која граѓаните редно ја плаќаат услугата, а не добиваат улично осветлување? Сведоци сме дека Делчево е во мрак, а на денешната седница на Совет во Одлуката за пренамена средствата од уличното осветлување кои се заштедени на некој начин, се пренаменуваат за партсики вработувања во Општината.

2. До каде е постапката и реализацијата за реконструкција на регионалниот пат за с. Разловци?

До градоначалникот и директорот на НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“

3. Дали се планира реконструкција на домот во с. Разловци и дали ќе се направи негово внатрешно и надворешно уредување бидејќи истиот е во целосен хаос? Срамно е овој објект да биде заборавен од страна на сите и локалната самоуправа и Министерството за култура.

<u>Оливера Ташевска, до ЈКП „Брегалница“ за директорот Стојче Стојковски</u>

1. Зошто во с. Разловци подолг период нема вода, зошто проблемот не е решен, а жителите ќе добијат сметки за наплата. Тие се крајно револтирани и најавуваат протест со кој ќе бараат решавање на нивниот проблем.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 26.седница, заврши со работа во 12.30.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов